**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКРЕТАР

Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 281

**Наш број:** 09 - 13353/1
24. 11. 2022
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022 ), Секретарот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.15/2022 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Советник за јавно осветлување, шифра УПР0101В01000, ниво В1, Одделение за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, Сектор за планирање и уредување на просторот, се избира кандидатот **Весна Стоилова.**

2.Именуваната ќе биде унапредена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 10.11.2022 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.15/2022 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Секретарот на Град Скопје бр.09-13192/1 од 18.11.2022 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Советник за јавно осветлување, шифра УПР0101В01000, ниво В1, Одделение за изградба на инфраструктурни и комерцијални (капитални) објекти, Сектор за планирање и уредување на просторот, предложи Секретарот на Град Скопје да го избере кандидатот Весна Стоилова.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат.
- Секторот за управување со човечки ресурси.
- Архивата.

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP